Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-137/3
17-02-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 566 од 04.11.2022 година, поднесена од лицето [redacted] за извршено вознемирување во областа на социјалните медиуми против лицето [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.02.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за отфрлање на претставка заради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 566 од 04.11.2022 година поднесена од лицето [redacted] за извршено вознемирување во областа на социјалните медиуми против лицето [redacted] **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 04.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од вознемирување во областа на социјалните медиуми од страна на лицето [redacted] против лицето [redacted]

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 10.11.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката во насока на наведување на адресата на подносителот, адресата на потенцијалниот дискриминатор и основот на дискриминација.

Со оглед на фактот дека во поднесената претставка подносителот ја немаше наведено својата адреса, а имаше оставено меил контакт, барањето за доуредување на претставката му беше доставено на меил на 10.11.2022. Од причина што Комисијата не доби никаков одговор по доставеното барање, уште еднаш, на 31.01.2023, на истата меил адреса достави барање за доуредување и истото го сметаше за уредна достава.

Подносителот не одговори ни по второто доставено барање, не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.02.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]